# ЏУДО ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# ПРАВИЛНИК ЗА ЕДУКАЦИЈА И ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА ЏУДО ТРЕНЕРИ

**Скопје, 2018 година**

Врз основа на член 40 став 1 алинеа 2 од Статутот на Џудо Федерација на Македонија, Извршниот одбор на Џудо Федерација на Македонија на седницата одржана на ден 13.10.2018 година во Скопје го донесе следниот

# Правилник за едукација и лиценцирање на џудо тренери

## I Општи одредби

Член 1.

Со овој правилник се уредуваат целите, задачите и начинот на работата на Комисијата за едукација и лиценцирање на тренери (во понатамошниот текст Комисија), во Џудо Федерацијата на Македонија ( во понатамошниот текст ЏФМ ) во областа на категоризирањето и лиценцирањето на џудо тренерите, условите и постапката за издавање и продолжување на лиценцата, правата и обврските на тренерите, казнените одредби и други работи што се од значење за извршување на стручната работа на џудо тренерите.

Член 2.

Комисијата ја избира Извршниот одбор на ЏФМ. Комисијата се состои од три члена. Секој член од Комисијата треба да има завршено најмалку Факултет за физичко образование / факултет за спорт. Комисијата има свој претседател, кој се избира од редот на членовите на комисијата. Претседателот се избира со јавно гласање на предлог на членовите на комисијата.

Член 3.

Основна задача на Комисијата е да врши: едуцирање и категоризација на џудо тренерите во ЏФМ согласно член 9 од овој правилник, како и лиценцирањето на тренерите согласно членовите 12, 13, 14, 15 16, 17 и 18 од овој правилник.

Комисијата врши постојан едукативен процес на тренерите и води сметка за моралниот лик и однесувањето на тренерите во текот на нивните тренерски, натпреварувачки и останати активности.

Член 4.

Работата на Комисијата е јавна. Комисијата за својата работа одговара пред Извршниот одбор на ЏФМ. Сите финансиски одлуки поврзани со работата на Комисијата ги донесува Извршниот одбор на ЏФМ, на предлог на Комисијата.

Член 5.

Комисијата тесно соработува со џудо клубовите и нивните тренери, Агенција за млади и спорт, Македонски оломписки комитет, Факултетот за физичко образование, спорт и здравје и сите други институции од областа на спортот.

.

## II Едукација и школување на тренерите

Член 6.

Комисијата обезбедува континуирано школување на постоечкиот тренерски потенцијал како и школување на нови тренери.

Член 7.

Обврска на Комисијата е да спрема едукативен материјал, да ги известува тренерите околу современите движења во тренажниот процес и да ги прати тренерите во нивното школување, усовршување и едукација. Исто така се грижи и за усовршувањето на тренерите преку едукативни семинари организирани од страна на ЏФМ, ИЏФ, ЕЏУ, АМС и МОК.

Член 8.

Комисијата дава стручна помош на клубовите и нивните тренери.

Комисијата ги посетува клубовите кои се членки во ЏФМ а, врши контрола на нивната стручна – педагошка работа и им помага во отстранување на нивните недостатоци.

## III КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ТРЕНЕРИТЕ

Член 9.

Сите џудо тренери кои ја извршуваат тренажната активност во џудо клубовите, членки на ЏФМа, обврзани се да посетуваат семинари за едукација и лиценцирање и да се здобијат со категорија и лиценци за работа.

Член 10.

Основна категоризација на тренерите (номенклатура на тренерските имиња) се врши врз основа на:

1. стекнатата стручна спортска подготовка (дан или кју степен);
2. диплома за завршено образование;
3. спортски достигнувања и
4. тренажно искуство.

Член 11.

Категориите на тренерите во џудо спортот се следните:

**1. Спортски џудо учител**

Со категорија, спортски џудо учител може да се стекне само оној тренер кој има завршено најмалку средно образование, положен испит за кафеав појас (први кју), завршена едукација од прв степен и најмалку две години стручна работа во џудо спортот.

**2. Џудо тренер Б**

Со категорија, џудо тренер може да се стекне само оној кој има:

- Завршено високо образование од областа на физичкото образование и спортот и најмалку четири години стручна работа во џудо спортот.;
- Завршено високо образование, завршена едукација од втор степен и најмалку четири години стручна работа во џудо спортот.

**3. Џудо тренер А**

Со категорија, џудо тренер може да се стекне само оној кој има:

- Завршено високо образование од областа на физичкото образование и спортот и изработка на дипломска работа од џудо и најмалку четири години стручна работа во џудо спортот.;
- Завршени тригодишни академски студии од областа на спортот (дипломиран џудо тренер) и најмалку две години стручна работа во организациите во областа на џудо спортот.
- Завршена едукација од трет степен и најмалку една година искуство во категоријата Џудо тренер Б.

**4. Џудо тренер специјалист**

Со категорија, џудо тренер специјалист може да се стекне само оној кој има:

- Завршени основни студии во времетраење од четири години, со специјалистички студии од најмалку една година и со одбрана на специјалистички труд од џудо спортот.
- Завршена едукација од четврт степен и најмалку две години искуство во категоријата Џудо тренер А.

**5. Џудо тренер професор на спортот**

Со категорија, џудо тренер професор на спортот може да се стекне само оној кој има:

- Завршени магистерски студии или докторски студии со усмерување на џудо спортот, односно одбрана на магистерска теза или докторска дисертација од џудо;
- Завршени мастер академски студии од областа на физичкото образование и спортот со одбрана на завршен труд од џудо;

## IV Лиценцирање на тренерите

Член 12.

Сите тренери на ЏФМ мораат да имаат дозвола за работа – лиценца, за да можат да го извршуваат тренажниот процес, да ги носат натпреварувачите на натпревари, како и други работи како тренери и да ги остваруваат своите права и обврски кои произлегуваат од Законот за спортот и овој Правилник.

Член 13.

Дозволата за работа - лиценцата се издава на период од 1 година.

Лиценцата ја издава Комисијата за едукација, образование и лиценцирање на тренери.

Член 14.

Дозволата за работа- лиценцата е задолжителна за секој тренер кој работи во тренажниот процес.

Без лиценца за тековната година тренерот не може да се појави како тренер на ниту еден натпревар во организација на ЏФМ, БЏА, ЕЏУ и ИЏФ.

Без лиценца за тековната година треерот не може да биде избиран во стручните тела на ЏФМ (тренер, селектор, член на комисија и друго).

Член 15.

**Спортски џудо учител**

Со лиценца за спортски џудо учител се стекнува лице кое ги исполнува условите за титулата спортски џудо учител од членот 11 точка 1 од овој Правилник и посетувал семинар за лиценцирање во тековната година.

Лиценцата за спортски џудо учител е со бела боја.

Член 16.

**Џудо тренер Б**

Лиценца за џудо тренер се стекнува лице кое ги исполнува условите за титулата џудо тренер од членот 11 точка 2 од овој Правилник и посетувал семинар за лиценцирање во тековната година.

Лиценцата за џудо тренер Б е со зелена боја.

Член 17.

**Џудо тренер А**

Лиценца за џудо тренер се стекнува лице кое ги исполнува условите за титулата џудо тренер од членот 11 точка 3 од овој Правилник и посетувал семинар за лиценцирање во тековната година.

Лиценцата за џудо тренер А е со сино - зелена боја.

Член 18.

**Џудо тренер специјалист**

Лиценца за џудо тренер специјалист се стекнува лице кое ги исполнува условите за титулата џудо тренер специјалист од членот 11 точка 4 од овој Правилник и посетувал семинар за лиценцирање во тековната година.

Лиценцата за џудо тренер специјалист е со сина боја.

Член 19.

**Џудо тренер професор по спорт**

Лиценца за џудо тренер професор по спорт се стекнува лице кое ги исполнува условите за титулата џудо тренер професор по спорт од членот 11 точка 5 од овој правилник и посетувал семинар за лиценцирање во тековната година.

Лиценцата за џудо тренер професор по спорт е со црвена боја.

## V Постапка за издавање и продолжување на лиценцата

Член 20.

ЏФМ ја издава соодветната дозвола за работата- лиценца на спортскиот тренер:

1. Ако ги исполнува условите во поглед на стручната подготовка односно ако има соодветна спортска титула, во согласност со одредбите на овој Правилник.
2. Ако е здравствено способен за извршување на стручната работа во спортот, во согланост со спортските правила.

3. Ако поднесе уредно барање за издавање на дозвола за работа-лиценца во согласност со овој Правилник;
4. Ако уплати надоместок за трошоците за издавање на дозволата за работалиценца.

Член 21.

Барањето за издавање на дозвола- лиценца и продолжување на истата треба да содржи:

1. Име и презиме на тренерот;
2. Две фотографии на тренерот со големина потребна за патна исправа
3. Уверение за извршен здравствен преглед во спортска медицинска установа;
4. Доказ за исполнување на условите за издавање на дозвола за работа- лиценца согласно овој Правилник (уверение или диплома за завршено образование, сертификат за учество на семинар и уверение или диплома за стручно оспособување (дан или кју степен);
5. Доказ за уплата на трошоците за издавање на дозвола за работа- лиценца;
6. Договор склучен со клубот или ЏФМ .

Член 22.

Џудо тренерот има обврска секоја година да ја продолжи својата дозвола за работа -лиценца.

Џудо тренерот до ЏФМ поднесува барање за продолжување на дозволата за работа- лиценцата најмалку 30 дена пред да истече рокот на важење на истата..

Член 23.

На џудо тренерот може да му се продолжи дозвола за работа- лиценцата ако:

1. Ако во периодот на стекнување на претходната дозвола за работа- лиценца ја извршувал професионалната пракса (практичната работа) во времетраење од најмалку 120 часа (потврда од клубот или ЏФМ);
2. Ако во период на важење на дозволата за работа -лиценцата барем еднаш годишно присуствувал на стручен едукативен семинар кој го организирал ИО на ЏФМ;
3. Ако не му е забрането извршување на стручната работа во спортот;
4. Ако достави уверение за извршен здравствен преглед во спортска медицинска установа;

Член 24.

Исполнувањето на условите за издавање, продолжување и одземање на дозвола за работа- лиценца за џудо-тренер ги утврдува комисијата.

Дозвола за работа- лиценцата ја издава Комисијата за образование, едукација и лиценцирае на тренери, а ја потпишува претседателот на Комисијата врз основа на одлука од Комисијата.

По одлуката на комисијата, подносителот има право на приговор до Комисијата во рок од 8 дена од приемот на одлуката.

Во случај на донесување на иста одлука од страна на Комисијата подносителот има право на поднесување жалба во рок од 8 дена до Извршниот Одбор на ЏФМ. Извршниот одбор решава по жалбата како второстепен орган на првиот нареден состанок.

Комисијата може по службена должност или по барање на заинтересираното лице да ја поништи одлуката која е издадена спротивно од одредбите на овој Правилник.

Член 25.

Дозвола за работа- лиценцата за џудот-тренер задолжително содржи:

1. Ознака дека е издадена од ЏФМ;
2. Име и презиме на џудо-тренерот;
3. Реден број на дозволата за работа- лиценцата и датум на издавање;
4. Рок на на важење;
5. Место за фотографијата на џудо тренерот;
6. Работи кои можат да се извршуваат врз основа на дозволата за работа - лиценцата;
7. Потпис на овластеното лице и печат на ЏФМ.

Член 26.

Комисијата може да ја одземе дозволата за работа - лиценцата на џудо тренерот и тоа:

1. Ако престане да ги исполнува условите за издавање на дозволата за работа - лиценцата утврдени со овој Правилник;
2. Ако извршува работа за која не му е издадена дозвола за работа;
3. Ако не ги извршува обврските околу стручната работа, утврдени со спортските правила на ЏФМ;
4. Ако на џудо тренерот со правосилна судска одлука му е изречена мерка безбедност забрана за вршење на дејност во областа на спортот, додека траат правните последици;
5. Ако џудо тренерот и на некој негов спортист, му е изречена мерка забраната за извршување на функцијата во областа на спортот поради повреда на антидопинг правилата, во согласност со Законот за ратификација на меѓународната конвенција против допинг во спортот ( Сл.весник на РМ 103/2008).

Џудо тренерот на кој Комисијата му ја одзела дозволата за работа -лиценцата согласно став 1 од овој член, мора истата да ја врати во рок од 8 дена по приемот на одлуката за одземање на дозволата за работа- лиценцата .

## VI Права и обврски на тренерот

Член 27.

Џодо тренерот има право на материјален надоместок за тренерската работа во клубот или ЏФМ . Висината на надоместокот е во зависност од финансиската можност на клубот или федерацијата и може да се оствари во паричен износ или во друг облик на надоместок..

Член 28.

Џудо тренерот или националниот тренер има право на стручно усовршување. Согласно ова ЏФМ или клубот имаат обврска во рамките на своите можности, да му овозможат на тренерот да оди на стручни или едукативни семинари и да му овозможат набавка на соодветна стручна литература.

Член 29.

Во интерес на заштита на правата и обврските на џудо тренерот, клубот и ЏФМ, тренерот има обврска до склучи договор со ЏФМ или клубот каде што е ангажиран како тренер. Еден примерок од склучениот договор тренерот треба да достави до Комисијата во рок од 8 дена по потпишувањето на договорот.

**VII Дисциплински одредби**

Член 30.

Комисијата континуирано го контролира однесувањето на лиценцираните тренери, како за време на натпреварување така и во текот на тренажниот процес со цел чување на угледот на тренерска организација, угледот на тренерот како и угледот на ЏФМ.

Член 31.

Комисијата го контролира однесувањето на тренерите и влијае на нивното однесување со поднесување на соодветни пријави до Дисциплинската комисија на ЏФМ.

Со поднесувањето на пријави до Дисциплинската комисија за изрекување на дисциплински мерки Комисијата го спречува однесувањето на тренерите кое е што не соодвестува со усвоените норми за однесување и етничките принципи за џудо спортот.

Член 32.

Дисциплински мерки кои што можат да се изречат на џудо тренер се:

- Јавна опомена на натпреварување (која се донесува после лесен дисциплински прекршок)
- Исклучување од натпреварот (писмена опомена на тренерот и клубот и парична казна од 5 000 до 10 000 денари)

Член 33.

Доколку тренерот и понатаму продолжува да сторува дисциплински прекршоци Дисциплинската комисија) може да ги изрече следните дисциплински мерки:

Забрана за вршење на тренерската функција во траење од 6 месеци.

Забрана за вршење на тренерската функција во рок од една година и парична казна на клубот од 20 000 до 50 000 денари.

Исклучување од тренерската организација и трајна забрана за тренерска работа во џудо спортот.

Член 34.

Дисциплинските мерки можат да бидат изречени и спрема клубовите чии натпреварувачи ги води нестручно лице т.е. некатегоризиран тренер за место кое е предвидено за тренерот (било кој натпреварувач, родител без лиценца, роднина) и тоа:

Јавна опомена на натпреварувањето и оддалечување од местото кое е предвидено за тренерите и натпреварувачите.

Исклучување од натпреварувањето, писмена опомена до клубот, и парична казна од 5 000 до 10 000 денари.

Забрана на натпревари и спортски организации или клубови од траење од 3 месеци до една година, и парична казна на клубот од 20 000 до 50 000 денари.

Исклучување на клубот од сите спортски манифестации на одредено време или бришење од членство на ЏФМ..

Во текот на една календарска година на клубот не може да му се изрече два пати една иста дисциплинска мерка имајќи ги во предвид отежнувачките околности со што за секое идно сторување на дисциплински прекршок изречената дисциплинска мерка ќе биде построга.

**VIII Завршни одредби**

Член 35.

Овој правилник влегува во сила на денот на донесувањето. Со донесување на овој Правилник престанува да важи Правилникот за едукација и лиценцирање на џудо тренери од 16.02.2016 година.

**ЏУДО ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

**Претседател, Зегљуљ Реџепи**